**оригинален научен труд**

**УДК 615(497.7)“18“**

# АПТЕКАРСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 19 ВЕК

**Силвана Сидоровска-Чуповска**,
*Институт за национална историја,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Keywords:** The Ottoman Empire, Macedonia, pharmacists, pharmacies, Macedonian cities, parish education councils

**Summary:** In Macedonia the first graduated pharmacists are mentioned during the Middle Ages. Most pharmacists were from Dubrovnik; the first pharmacists arrived from Portugal and Spain of end of the $15^{th}$ century and were Sephardic Jews. Within the framework in the Ottoman Empire, organized pharmaceutical activity started in the $19^{th}$ century. The beginning of the $19^{th}$ century saw the first Macedonian pharmacists. In 1840, there were two pharmacies in Bitola and Thessaloniki, owned by foreign pharmacists. At the end from the $19^{th}$ century pharmacies opened and were active as part of the parish education councils in Veles, Bitola, Skopje and Thessaloniki.

**Клучни зборови:** Османлиска Империја, Македонија, аптекари, аптеки, македонски градови, црковно-училишни општини

**Резиме:** До појавата на првите македонски дипломирани аптекари од Македонија, до средината на 19 век, аптекарската дејност најчесто била водена од аптекари-странци. Првите диполомирани фармацевти-Македонци се споменуваат од средината на 19 век. Во нивните аптеки се вршела и лекарска дејност. Нивното егзистирање во Македонија, во услови на постоење на голема неписменост и сиромаштија меѓу населението, било голем исчекор напред во подобрување на општите услови на живеење.

Во средниот век, трговските и културните врски на македонските градови со земјите од Медитеранот и од Средна Европа, овозможиле да се појават првите дипломирани лекари и аптекари. За ширењето на здравствената култура во Македонија најголема улога имала Дубровничката Република. Со почетокот на 16 век, бегајќи пред налетот на инквизацијата во Португалија и во Шпанија, во Македонија се доселиле и повеќе видни научници, филозофи и лекари од еврејско потекло. Најпознати лекари биле Хуан Родригез де Кастел Бјанко, Бонафус и Арон Афија (Стојановски, 1999: 71).

Аптекарската дејност подолг период била водена од дубровничките и од еврејските аптекари. Од средината на 16 век се споменуваат и аптекари-Турци, за кои францускиот патописец Пјер Балон се искажал дека: „биле повешти во познавањето и имале повеќе медицински материјали за продавање во дуќаните отколку што имале аптеките во Европа" (Френски пътеписи, 1975: 106).

До почетокот на 19 век, во повеќе градови во Македонија, се среќаваат т.н. спицерии (аптеки). Само во Велес постоеле две спицерии во сопственост на Анастас Ѓоргов и Петре Орашот, кои се служеле со западната, европска фармакопеја. Во 1820 година, во Скопје, работела познатата спицерија на Јанакија, која имала свој клон и во Велес. Аптекарите во Велес биле во постојан контакт со спицериите и ароматариусите од Дубровник. За нивната успешна работа во Македонија многу погодувала и природата која изобилувала со богата флора и со присутноста на лековити билки: белиот слез, пелинот, татулата, анасонот, боливачот и многу други (Николовски, 1995: 142).

На почетокот, по својот изглед и по асортиманот на производите, аптеките не се разликувале многу од ахтарниците.Тие, со текот на времето, постепено започнале да го менуваат својот изглед, како и да ги збогатуваат содржината и начинот на работа во настојувањата да одат во чекор со современите достигнувања во европската фармација. Во нив, сѐ почесто се среќавале лекови произведени во европските земји, постепено проширувајќи ја дејноста, како мали здравствени установи во кои се формирале првите лекарски ординации и лаборатории. Во овие аптеки се правеле и првите почетоци на организираната итна служба и на домашно лекување на болниот. Ова било сосема разбирливо, ако се има предвид дека народот во Македонија бил навикнат да бара најпрвин помош за своите здравствени проблеми во „спицеријата" (аптеката) од аптекарот, кој по сослушување на болниот му го препишувал соодветниот лек (Бојаџиевска-Цветковска, Бојаџиевска, Тодорова, 2005: 214).

Почетоците на организирана аптекарска служба, во Османлиската Империја, започнале во периодот 1812-1830 година. Меѓутоа, поминале неколку децении до преземањето на првите посериозни чекори[1]. Во 1860 година, во рамките на Османлиската Империја,

[1] До 1865 година, секој можел да отвори аптека и да продава разни подготвени или готови лекови, без разлика дали има соодветно стручно образование. Од споменатата година, се стопирала анархијата со издавање на строга наредба која била испратена до сите управници на виалетите. Се наредувало на секого којшто сака да се здобие со диплома на спицерин *(*аптекар*)*, да полага испит, по што можел да отвори аптека.

започнал да циркулира *Законот за аптеките*. Според законот, со аптека можел да располага секој со стекната диплома од Високата медицинско-фармацевтска школа во Цариград или од друга европска висока школа и со нострифицирана диплома во Цариград (Николовски, 1995: 142).

Првите дипломирани аптекари во Македонија, во 19 век, се споменуваат во 1840 година, кога постоеле две аптеки, во Битола и во Солун, сопственост на странци. Според патописецот Јозеф Милер, во Битола (1843), сопственик на аптека во градот бил и грчкиот вицеконзул и аптекар Лоренцо Пери (дипломирал фармација во Цариград, во 1853 година) (Матковски, 1992: 557). Во втората половина на векот веќе работеле аптекарите: Пери, Јусула, Дела, Папа Писта, Чопи, Михаил, Нита, Алексиу, Евангелос Греку, Лоренцо Аристотели, Вангел, Леонида, Ристо Алексиќ и други (Бојаџиевска-Цветковска, 2008:391).

Организираната аптекарска служба во Битола го забрзала затворањето на ахтарниците поради неможноста да ја издржат конкуренцијата на аптеките, снабдени со сите потребни состојки за подготвување на различни лекарства и со лекари кои вршеле преглед и му давале помош на болниот (Бојаџиевски, 1992: 252-256). Изведувањето на аптекарска и на лекарска практика, во некои македонски градови, го покажувало нивото на луѓето кои чувствувале потреба од такви услуги и можноста да платат. Еден од постарите аптекари во Битола бил и бугарскиот дипломиран аптекар Најден Брајков (Бојаџиевска-Цветковска, Бојаџиевска, Тодорова, 2005: 215).

Во втората половина на 19 век, бројот на аптеките во градот постојано се зголемувал. Според некои податоци, во 1899 година, имало 9 аптекари, од кои 5 биле цивилни и 4 воени. Цивилни аптекари биле: Вангел, Леонида, Михалаки Нита, Аристотели и Коцо, кои работеле во цивилната болница, но имале и свои аптеки (Рената Бојаџиевска-Цветковска, П. Бојаџиевска, А. Тодорова, 2005: 215).

На почетокот на 20 век, во Битола, се среќаваат следниве аптекари: Скодрано, Влав од Битола; Кондис, Влав од Битола, дипоcostомирал во Атина. Во Битола се среќаваат и имињата на аптекарите Паписта (Папа Писта) Димитри, Грк од Кожани (работел како аптекарски помошник); Усула Леви, Евреин од Битола и други (Бојаџиевска-Цветковска, Бојаџиевска, Тодорова, 2005: 215-216).

Во патријаршиската болница „Благовештение“, постоела аптека од која бесплатно се издавале лекови за сиромашните членови на патријаршиската општина во градот, кои се лекувале во болницата или

пак се прегледувале во болничката амбуланта, отворена уште во втората половина на 18-тиот век, кога била формирана болницата.

Меѓу постарите и добро снабдени аптеки во Битола биле и оние на Пери Аристотили, Димитри Дела, Димитри Папа, Паписта Петро, Димитри Чопи, Михаил Нита, Милтијади Алексиу, Коланис К., Евангелос К. Греку, Петре С. Иконому, аптеката на д-р Аврам Балабан (лоцирана во месноста „Дрвен Пазар"), аптеката на д-р Ставро Нале (лоцирана кај „Ат Пазар", во приземјето на неговата куќа) и други (Бојаџиевска-Цветковска, Бојаџиевска, Тодорова, 2005: 216).

До почетокот на балканските војни, во болницата, повремено, како аптекари работеле: Никола Јоани, Ѓорѓи Дошу (дипломирал во Атина), Јоани Петру, Сотир Греку, Јоани Пиргу и други (Бојаџиевска-Цветковска, Бојаџиевска, Тодорова, 2005: 216).

Првата аптека во Прилеп била отворена во 1889-тата година, од страна на Џорџу Љонта, Влав од Крушево. По десет години работење, аптеката ја продал на новодојдениот аптекар Дамјан Симитчиев од Прилеп, со завршени студии по фармација во Лиеж, Белгија (1899). Сопствена аптека во споменатиот град која, во прво време, поради финансиската помош од црквата, била наречена „Прилепска црковна аптека", а подоцна „Прва прилепска аптека", имал и неговиот брат Сотир (за него е познато дека не бил дипломиран фармацевт) (Антулеска-Белческа, Рубинчо Белчески, 2008:167).

Во Тетово, непосредно со дипломираните лекари, се појавиле и првите дипломирани фармацевти. Првата аптека била отворена од Александар Парлиќ, во 1885 година (Светозаревиќ-Покорни, 2010: 21). Кон крајот на 19-тиот век, се појавиле уште две аптеки. Аптеката *Здравје* била отворена во 1889-тата година и припаѓала на егзархиската општина. Со аптеката раководел Александар Герасимов. Во истата аптека, во 1899-тата година, работел Арменак Гулеријан (Светозаревиќ-Покорни, 2010: 21). Од 1897/1898 година, аптекарската дејност во Тетово започнал да ја врши и Ерменецот Татиос Кандикјан, кој една година пред тоа работел во Куманово (Светозаревиќ - Покорни, 2010: 22).

Кон крајот на 19 век, надлежноста за отворање на градски аптеки започнала да ја преземаат и побогатите црковно-училишни општини во Македонија. Од нив со својата активност се издвоиле аптеките во Велес, Скопје и во Солун. Во Велес, на иницијатива на повидните граѓани, првата градската аптека била отворена во 1896 година (Боро Николовски споменува дека аптеката која го носела името „Кооперативна банка" била отворена во 1895 година и имала благородна цел да го избави народот од експлоатација и да му

обезбеди лекови по достапни цени) (Николовски, 1995: 211). За отворање на аптеката, најпрвин било формирано Акционерско друштво. По извлекувањето на капиталот на акционерите, дел од приходите од аптеката оделе во корист на градските училишта (1897, АЕ:1.492.2.126:579-581). Уште на самиот почеток од работата на градската аптека, одделни акционери, кои очекувале профит од работата на аптеката, го повлекле капиталот. Од ваквата постапка на дел од акционерите, Училишната управа била принудена да ги откупи 19-те акции и останатиот здружен капитал од 60 турски лири, за што била известена и Митрополијата во Велес. Училишната управа, која била сопственик на аптеката, изјавила дека лековите ќе ги продава по достапни цени, а на бедните ученици и на сиромашното население ќе ги издава бесплатно. Од нејзина страна бил изготвен *Правилник за работа на аптеката* и била избрана Комисија во состав: Димитар Тодоров, Иван Ѓорѓиев, Иван Богданов и Бано Кушев, со задача да ја испитаат работата на аптеката и да преземаат мерки за нејзиното подобрување (Николовски, 1995: 211-212).

На добар глас била и аптеката во Скопје, отворена во 1896 година. Аптеката се наоѓала пред црквата Св. Богородица и имала сопствена амбуланта во која се вршеле прегледи. Овој статус, аптеката го задржала до 1920-тата година (Николовски, 1995: 207).

Во април, 1898 година, од страна на Бакалскиот еснаф во Солун е основана првата аптека. Нејзиното основање било пропратено со формирање на комисија, во состав Коста Ќулумов, Спиро Сапунџиев и д-р Христо Татарчев. Комисјата имала задача да изработи устав (правилник) за работа на аптеката. Главна замисла и цел биле бесплатно, со лекови, да им се помогне на бедните Македонци и на сиромашните ученици кои се школувале во солунските училишта и во околните села (Николовски,1995: 219). Прв аптекар бил велешанецот Иван Крајничанец (Николовски,1995: 219). Аптеката, уште на самиот почеток на својата работа покажала добри резултати со издавање на лекови на граѓаните од Солун и на селаните од околните села. Во склоп на аптеката работела и амбуланта. Најпрвин, во амбулантата работеле д-р Христиќ, д-р Тенчев и д-р Татарчев. По преземањето на нејзиното раководење од Иван Крајничанец, во 1898-та година, лекарската дејност во аптеката ја обавувал Иван Казанџиев од Воден (Николовски, 1995: 213-214, 219-220). Работата во аптеката била постојано под притисок од бугарската и од грчката пропаганда и од официјалните османлиски власти. По Илинденското востание, аптеката западнала во безизлезна ситуација. Во 1906 година, И.

Крајничанец бил принуден да го продаде инвентарот на аптеката и да се пресели во Прилеп, каде што повторно отворил аптека.

Со цел да им помогнат на сиромашното население и на сиромашните ученици, со издавање на бесплатни лекови, од страна на црковно-училишните општини, кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, биле отворени аптеки во Куманово, Штип и во други градови во Македонија.

**Литература:**


Архив на Македонија, Фонд: Велешка митрополија -1897/D/XI, А.Е. 1.492.2.126, л. 579-581, ракопис.

Антулеска-Белческа, Гордана; Белчески, Рубинчо. 2008. Здравството во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни. *Зборник на трудови од третиот македонски конгрес за историја на медицината, Штип 5-7 јуни*, Штип.

Бојаџиевски, Петар. 1992. *Здравството во Битола низ вековите*, Битола.

Бојаџиевска-Цветковска, Рената. Бојаџиевска, П., Тодорова, А., 2005. „Фармацевтската дејност во текот на XIX и XX век“, *Зборник на трудови од вториот македонски конгрес за историја на медицината*, Струмица 3-5 ноември, Струмица.

Бојаџиевска-Цветковска, Рената. 2008. „Аптекарските дневници од аптеката на Рајна Алексова“. *Зборник на трудови од третиот македонски конгрес за историја на медицината, Штип 5-7 јуни*, Штип.

Матковски, Александар. 1992. *Македонија во делата на странските патеписци 1827-1849*, Мисла, Скопје.

Николовски, Боро. 1957. „Фармацевтски елементи во историјата на Македонија“, *Билтен на Фармацевтското друштво на Македонија*, Скопје, бр. 1.

Николовски, Боро. 1995. Прилози за историјата на здравствената култура во Македонија, *Македонско фармацевтско друштво*, Скопје.

Стојановски, д-р Никола.1999. *Здравствената култура во Велес и Велешко од минатото до крајот на 20 век*, ДНУ, Велес, Велес.

Френски пътеписи за Балканите XV-XVIII век. 1975. София.